Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број 01-821/2
12 септември 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

**3068.**

Врз основа на член 190 и член 113 став 10 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр.95/05, ..... и бр.83/18), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12.9.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

Член 1

Во Правилникот за формата, содржината на барањето и потребната документација за добивање на дозвола за работење на брокер (“Службен весник на РМ” бр. 182/2016) во член 2, став (1), зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“, став (2), по алинеја 3, се додава нова алинеја која гласи:

- „број на лична карта / патна исправа, датум на издавање, датум на важност и орган кој ги издал“.

Член 2

Во член 3

- став 1 алинеја 2, се брише.

- во став 4

во алинеја 1 зборовите „надлежниот суд„ се заменуваат со зборовите „надлежен орган„,

во алинеја 2 зборовите „надлежниот суд“ се заменуваат со зборовите „надлежен орган“, а зборовите после запирката се бришат.

- по став (5) се додава нов став (6) кој гласи:

„(6) Подносителот на барањето задолжително дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи доставените податоци во постапката за прибавување на потребните потврди од други институции по службена должност.

Член 3

Во Прилог 1 Образец, Б-ДБ по зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“, а по зборот „ЕМБГ“ се додаваат зборовите „број на лична карта / патна исправа, датум на издавање, датум на важност и орган кој ги издал“.

Член 4

Во Прилог 2 Образец, И-СПР по зборовите „ЕМБГ„ се додаваат зборовите „број на лична карта / патна исправа, датум на издавање, датум на важност и орган кој ги издал“.

Член 5

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата, содржината на барањето и потребната документација за добивање на дозвола за работење на брокер.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Број 01-822/2
12 септември 2019 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

**3069.**

Врз основа на член 190 и член 152 став 5 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр.95/05, ..... и бр.83/18), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12.9.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНЕН СОВЕТНИК**

Член 1

Во Правилникот за постапката за обновување на дозволата за работење на инвестиционен советник („Службен весник на РМ“ бр. 110/2006 и 101/2013) во член 4, став (1) точка 4 зборовите „надлежен суд“ се заменуваат со зборовите „надлежен орган“.

Член 2

Во член 5 по став (1) се додаваат два нови става (2) и (3) кои гласат: